## Говор

- **Детето го учи говорот во средината во која живее**

Говорот на детето не му е даден сам од себе, детето треба да го учи говорот од средината во која живее. Семејството е прва и најзначајна алка во целокупниот развој на детето.
Семејството има многу голема улога  за стимулација, за поттикнување и развој на говорот кај малото дете. Голема улога имаат сите членови на семејството, но сепак посебно и најзначајно место за развојот на детето, а со тоа и за развојот на говорот зазема мајката. Со самото раѓање на детето таа постојано се грижи за него, го храни , го негува и многу е важна емотивната врска на мајката со детето  да го гушка, да го гали и што е најважно треба постојано да му пее песнички, да му зборува и како расте детето и како постојано ги слуша зборовите, тоа ги поврзува со одредени лица, предмети или дејства кои што се наоѓаат во неговата непосредна околина .

- **Детето најпрво го разбира говорот(предговорна фаза)**

Детето најпрво го разбира говорот, реагира соодветно на зборовите и говорот на околината,  а подоцна се јавува активниот, експресивен говор**(говорна фаза)**
Обично првиот збор со значење се јавува околу првата година од животот и најчесто тоа е зборот  мама.Во текот на втората година постепено почнува да се збогатува речникот со нови зборови кои при крајот на втората година почнува да ги поврзува, да ги комбинира. Се јавува првата реченица...
Во текот на третата година се јавуваат повеќе зборови и детето поврзува два до три збора во  реченица.Во третата година се заокружува основата(темелот) на говорно-јазичниот развој.
Понатаму во текот на четвртата, петата и шестата година, детето се повеќе го збогатува својот речник, користи проширени, а потоа и сложени реченици, почнува самостојно и јасно да се изразува и да формира поголема говорна целина, а изговорот е се повеќе, чист, јасен и правилен.
Децата треба на 5.5 години, а најдоцна до шестата година да имаат развиено правилен говор.

- **Во последно време се повеќе деца покасно проговоруваат**

До крајот на втората година , па и почетокот на третата година имаат еден или два збора.Во овој случај најважно е детето да го разбира говорот, соодветно да реагира на него , да разбира и извршува едноставни налози, барања пр... дојди кај мене...донеси ми го мечето, стави ја коцката во кутијата... Ако го разбира говорот потребна е поголема стимулација за провоцирање на говорот и почетно проговарање...

### Совети за родители за поттикнување на говорот

- **Секогаш треба да постои комуникација лице во лице, очи во очи** детето да ја гледа мајката, нејзиното лице и посебно говорните органи...

- **На детето треба правилно да му се зборува,чисто, јасно и правилно, да има правилен говорен модел , кој треба да го усвои.**

- **За добивање на говор потребни се сите сетила:вид, слух, допир**

Често пати за провоцирање на говорот се користи огледало. Детето слуша и ги забележува промените на говорните органи кај својата мајка, а потоа се провоцира и

самото да проба да изговори и при тоа самото се гледа, се слуша и ги имитира движењата на говорните органи на неговата мајка.

За говор е потребно да има доволна количина на воздух, затоа што при говор го користиме вдишениот воздух потребни се вежби на дишење, дување на воздух во ресички од хартија, да брчи со устата, да пука со усните, да се гледа во огледало, а може и рачето да го стави пред уста да го осети воздухот кој излегува од устата.

Се почнува од вокализација(пеење на вокали: а, е, и, о, у), потоа плозивни гласови (п, б, т, д ) и кратки зборови на овие гласови(баба, папа, пам, пау, буба, тато, тета, да, дедо), потоа назални гласови(м,н) и зборови на овие гласови (мама, меме, нане, не)

- **За провокација на говорот многу често се користи ономатопејата**

на животните од околината пр.мачe(мјау), куче(ав,ав), пиле(пи-пи), кокошка (ко-ко)...

- **Многу е важно децата во текот на втората година да јадат цврста храна**,затоа што ова е многу важно за зацврстување на мускулатурата на говорните органи.

**Драги родители...**
Децата се наше најголемо богатство...
Да ги сакаме , да ги почитуваме со целата нивна природа...
Да ги учиме, да му го посветиме секој слободен момент...
Децата се нашите мили, најмили...
**Децата се НАШАТА ИДНИНА...**